Rocznik Slawistyczny, t. LXXII, 2023
ISSN 0080-3588
DOI: 10.24425/rslaw.2023.147260

Соња Миленковска*

Истражувачки центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“,
МАНУ, Скопје

# Македонските дијалектни називи за ‘стапалка, трага’ во корелација со истозначните називи на словенската јазична територија (според материјали на ОЛА)

## 0. Вовед

Во текстот ќе бидат обработени дијалектните називи за ‘стапалка, трага’[1] коишто се среќаваат на македонската дијалектна територија, според материјалите на Општословенскиот лингвистички атлас (ОЛА). Овие називи ќе бидат разгледувани во корелација со соодветните дијалектни називи за ‘стапалка, трага’ коишто се јавуваат на целата словенска јазична територија, опфатени во прашањето L 1575 ‘след стопы’, според Прашалникот на ОЛА (Вопросник ОЛА, 1965: 133), и обработени во картата бр. 47[2] од Лексичкиот том 9 на ОЛА (ОЛА 9, 2009: 129) посветен на човекот.

* Sonja Milenkovska, Research Assistant, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Research Center for Areal Linguistics „Božidar Vidoeski”, Skopje, North Macedonia.
https://orcid.org/0000-0003-2436-5111.
e-mail: sonjam@manu.edu.mk.

[1] За македонските називи за ‘стапалка, трага’ спореди и кај: Васил Дрвошанов, *Анатомската лексика за човекот во македонските говори*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2005, стр. 160–163.

[2] Види **карта 1**.

www.czasopisma.pan.pl PAN www.journals.pan.pl
POLSKA AKADEMIA NAUK



Обработката на македонските дијалектни називи за ‘стапалка, трага’ подразбира и нивна етимолошка анализа, како и разоткривање на нивната семантичка мотивација. Во контекст на мотивацијата за доделување на називите претпоставуваме дека главна улога при изборот одиграле семантичките импулси коишто се повлијаени од прототипниот однос помеѓу човекот и просторот, односно активностите коишто водат кон совладување и искористување на просторот од страна на човекот (Марковиќ/Тополињска 2019: 7–8).

Во речниците на македонскиот современ јазик, лексемата *стапалка* се толкува како ‘трага или отпечаток оставен од нога којшто може да биде направен од стапало или од обувка’, додека лексемата *трага*, освен што се однесува на ‘белег направен од човек’, може да означува и ‘белег, отпечаток од нешто што поминало врз некаква површина коешто може да биде од животно или од некакво возило’ (Мургоски 2011: 1262, 1325; ТРМЈ 6, 2014: 88; ТРМЈ 5, 2011: 554). Во другите словенски јазици, литературните називи за ‘стапалка, трага’ се: рус. *след*, блр. *след*, укр. *слід*, пол. *stopa*, луж. *sled stopy*, *stopa*, слч. *stopa*, чеш. *stopa*, слн. *stopinja*, хрв. *stopa*, *šl’apaj*, срп. *траг*, буг. *следа*, мак. *стапалка*, *трага*.

За да се добие појасна слика за распространетоста на дијалектните називи на пошироката словенска јазична територија, вклучително и на македонската јазична територија, најпрво ќе биде претставена географската дистрибуција на дијалектните називи за ‘стапалка, трага’, според материјалите на ОЛА.

## 1. Географска дистрибуција на словенската јазична територија

На словенската јазична територија се среќаваат неколку типови називи за ‘стапалка, трага’ дефинирани од коренот, односно основниот дел од којшто е изведен називот.

Особено фреквентни се називите коишто се изведени од коренот **slěd-*. Се јавуваат на целиот словенски исток, целата руска, белоруска и украинска јазична територија, додека на словенскиот запад се јавуваат само во дваесетина населени места на полската јазична територија и во две населени места на лужичката јазична територија. На словенскиот југ овие називи се карактеристични за словенечката територија, се јавуваат во околу десетина населени места. Спорадично се јавуваат и називи од типот **slěd-a*[3] (на руска и украинска територија) и двокомпонентни називи со **slěd-ъ* како доопределба **slěd-ъ stop-y*, **slěd-ъ lap-y*, **slěd-ъ stǫp-ak-a* (на полската, украинската и белоруската територија).

[3] Формите се претставени преку системот на обопштувачка транскрипција којшто се применува во легендите и коментарите на *Општословенскиот лингвистички атлас*.

www.czasopisma.pan.pl PAN POLSKA AKADEMIA NAUK www.journals.pan.pl



Помалку фреквентни се називите изведени од основите **stop-* и **stǫp-*. Називите изведени од коренот **stop-*, од типот **stop-a*, се покарактеристични за словенскиот запад, најмногу за полската територија, и помалку за чешката, словачката и лужичката јазична територија, но во значителен број се јавуваат и на јужнословенската територија (на српската, босанската, црногорската и хрватската територија). Називите изведени од коренот **stǫp-* се покарактеристични за словенскиот југ. Оние од типот **stǫp-ъk-a* почесто се јавуваат на бугарската територија, додека називи од типот **stǫp-a-dl-ьk-a* почесто се јавуваат на македонската територија. На словенечката територија се среќаваат називи од типот **stǫp-in-j-a*, **stǫp//-aj-ь*, **stǫp-an-j-a*. Називи коишто го содржат истиот корен можат да се сретнат и на словенскиот запад и исток, односно на словачката територија називи од типот *stǫp//-aj-ь*, на украинската називи како **stǫp-ak-ъ*, **stǫp-ьn-ь*, на руската називи од типот **stǫp-ьn-j-a*, **stǫp-ъk-a* и спорадично на белоруската територија називи од типот **stǫp-ьn-ь* и **stǫp-ak-ъ*.

Називите коишто се изведени од коренот **trag-* и од коренот **dir-* се карактеристични само за словенскиот југ. Називи од типот **trag-ъ* најмногу се среќаваат на српската, босанската, црногорската и хрватската територија, додека оние од типот **trag-a* на македонската јазична територија. Називите како **dir-a* се карактеристични за македонската јазична територија и помалку за бугарската, каде што можат да се сретнат и називи од типот **dir-j-a* и **dir-ъk-a*.

Називи изведени од коренот **šlęp-* се среќаваат само на словенскиот запад, на словачката и чешката територија називи од типот **šlęp-a*, **šlęp-ot-a*, **šlęp-ěk-ь*, **šlęp-ъk-a*, додека на полската територија се среќаваат називи од типот **šlęp-a*.

Неколку називи од типот **podъ-šьv-a* се среќаваат на руската територија, додека називи/заемки од типот **šlag-ъ* и **špur-a* спорадично се појавуваат на словачката и на чешката, односно на лужичката јазична територија.

На македонската дијалектна територија, според картата на ОЛА, кога станува збор за називите коишто го содржат коренот **trag-* (**trag-a*), ситуацијата наликува на словенскиот југ; инаку, називите се јавуваат во единаесет населени места на западниот ареал – застапени се и во северозападните и во југозападните пунктови. Со слична фреквенција (од десет населени места на македонската територија) се јавуваат и називи со коренот **stǫp-* (**stǫp-a--dl-ьk-a*), а називи со истиот корен, покрај словенскиот југ, се бележат со значително помала фреквенција и на словенскиот запад и исток. На јужниот македонски дијалектен ареал се среќава и единичен назив којшто го содржи коренот **slěd-* (**slěd-ъ*); називи со истиот корен се особено фреквентни на словенскиот исток и значително помалку на словенскиот запад и југ. Она што е карактеристично само за македонската јазична територија (во осум населени места), и помалку за бугарската, се називите коишто го содржат коренот **dir-* (**dir-a*).

## 2. Етимолошка и семантичка анализа на називите на македонската дијалектна територија

Географската дистрибуција според картата на ОЛА покажува дека на македонската дијалектна територија се среќаваат неколку типови називи, односно називи коишто ги содржат корените **trag*, **stǫp-*, **dir-* и **slěd-*[4].

Називите коишто се изведени од коренот **trag-* се среќаваат во различни варијанти (*traga*, *tragaĵn'ka*, *trə'galka*) на македонската јазична територија. Според Скок (Skok 1973: 487–488) потеклото на називите е од прасл. **tragъ* со значење ‘трага, стапалка, патека, односно отпечаток или белег којшто може да биде направен, т.е. оставен од страна на човек, животно или возило на која било површина’, но и ‘род, раса’ (значење коешто има сличен семантички развиток како лат. *linea*, франц. *lignage*, односно ‘лоза (семејна), род’). Индоевропскиот корен е **tragh-* којшто е застапен и во лат. *trahere* ‘повлекува, влече’, стир. *traig* ‘нога’ итн. (Skok 1973: 488)

Називите изведени од коренот *trag-* се карактеристични само за јужнословенските јазици, а тоа го покажува и географската дистрибуција на поширокaта словенска јазична територија според анализираната карта на ОЛА, каде што исклучок прави единствено словенечката територија.

Покрај лексемата *trag*, во јужнословенските јазици можат да се сретнат и бројни деривати (*natrag*, *straga*, *stražnji*, *stražnjica*, *tragati* и тн.), а во тој поглед значителна разновидност има и во македонскиот јазик, каде што покрај лексемата *трага*, се среќаваат и дериватите *потрага*, *истрага*, *бестрага*, *трагач, трага*, *истражува* и сл.

На македонската дијалектна територија, во различни варијанти се јавуваат и називите коишто се изведени од коренот **stǫp-*, т.е. *stapalka*, *s'tapka*, *s'tupka*, *stupal'ka*. Во четири од десет населени места се јавуваат паралелно со називи коишто го содржат коренот **trag-*, додека во две населени места паралелно со називи со коренот **dir-*. Називите се изведени со додавање на суфиксот -*ка* (односно проширениот суфикс -*алка*), инаку продуктивен суфикс за образување деривати што имаат значење на резултат и други значења (Конески 2003: 53).

Според Скок (Skok 1973: 354), станува збор за општословенскиот и прасловенскиот корен **stǫp-* без паралели во балтичката група на јазици за коешто се смета дека е преземено од прагерм. **stampa-*, споредено со срнгерм. и англосакс. *stampe* ‘стапка; подлабок сад за толчење, чекан’, а покрај тоа во срвгерм. *stampfen* ‘толчи, односно дроби со удирање, со чукање’, стнорд. *stappa* ‘толчи, меле’, сродно со грч. *στέμβω* ‘толчи’, и сето изведено од индоевропското **stemp* со значење ‘газење со стапала, стапнување’. Во

[4] Подетално види **карта 2**.

овој контекст Бориш (Boryś 2008: 577) го надоврзува и значењето на прасловенскиот глагол **stǫpiti* коешто го реконструира како ‘направи чекор/стави нога/зачекори’ (спореди и Bezlaj 1995: 321; Brückner 1985: 515). Семантичките компоненти коишто редовно се појавуваат кај овој глагол се „движењето“ и „акцијата, активноста“, а линијата на семантичка деривација оди од конкретниот, реалниот свет 1. ‘стави нога (на земја); влезе во некој простор’ (старо, наследено, конкретно значење), до 2. ‘се вклучи во нешто, во одредени социјални кругови; воспостави некоја врска и тн. (Марковиќ/Тополињска 2019: 109–110)

Покрај лексемите *стапалка* и *стапка*, во македонскиот стандарден јазик можат да се сретнат и други деривати, како што е именскиот дериват *стапало*, но и низа современи префиксирани глаголски деривати: *застапи*, *настапи*, *истапи*, *пристапи* и сл. (повеќе кај Марковиќ/Тополињска 2019: 110). Дериватот *стапка*, покрај значењето ‘едно помрднување на нозете, синоним на чекор’, како резултат на општествено-цивилизациски влијанија развил значења и како ‘мера; растојание колку што изнесува еден чекор’; ‘економска единица, како каматна стапка’ и сл.

На поширокота словенска јазична територија, според картата на ОЛА, називи коишто потекнуваат од коренот **stǫp-* се среќаваат речиси на целата бугарска територија (s'tapka, stu'pal’k’a и сл), на дел од словенечката (stupí:na, štə:pńa и сл.) и во неколку населени места на словачката територија (stupąj, stu:pala и сл.) На словенскиот исток, пак, спорадично се среќаваат на руската (stup'n’a) и на украинската територија (stu'pak, stu'p’in’). Сличен развој имаат и називите коишто потекнуваат од општословенското и прасловенско **stop-* ‘удар со нога, правење отисок со стапало’ коешто исто така се поврзува со ие. **stemp* (Skok 1973: 338; види и Bezlaj 1995: 321). Овие називи се карактеристични за словенскиот запад, поконкретно за полската и за делови на чешката и словачка територија (s'topa, stopaj), како и за словенскиот југ, поконкретно за српската, босанската, црногорската и делови на хрватската територија (s'topa).

На македонската дијалектна територија, според картата на ОЛА, се среќава и називот *дира* (dira). Станува збор за прасловенската форма **dira* со значење ‘процеп, дупка’ изведена од глаголот **dirati/*diriti* (спореди и Skok 1971: 436–438; SP 3, 1979: 210–211; ЭССЯ 5, 1978: 31). Потеклото е од прасловенската основа **dir-* којашто заедно со прасловенските превојни основи **der-/*dar-/*dor-/*dьr-* (од индоевропскиот корен **der-* ‘дере, расцепува’ (Pokorny 2007: 613)), ја делат вградената семантичка компонента којашто прототипно е поврзана со човекот и со неговата активност во просторот, односно „со физички контакт (се) нанесува повреда/оштетување при што се доаѓа до разделување на нешто“ (Јанкулоски 2021: 162–163).

Покрај формата *дира* на македонската дијалектна територија со значење ‘трага од човек или животно’, во македонскиот јазик од коренот **dir-* се изведени и префиксираните глаголски деривати: *задира* и *продира*.

Овој назив за ‘стапалка, трага’ е најфреквентен на македонската дијалектна територија, но, според анализираната карта на ОЛА, се јавува и во неколку населени места на бугарската ('dira, 'dirka), како и во едно населено место на српската територија ('dira).

Како единичен назив на македонската дијалектна територија, според материјалите на ОЛА, се јавува и назив којшто потекнува од коренот **sléd-* (šl$^{j}$at). Станува збор за прасловенската глаголска основа **slěd-* од којашто се изведени бројни деривати, меѓу кои и прасловенскиот именски дериват **slěd* со значење ‘трага од возило, трага/отисок од стапало/нога, патека, редица и сл’; оваа прасловенска основа се поврзува со индоевропскиот корен **sleidh-*, а според значењето се надоврзува на индоевропскиот корен **sekw-* со истото значење ‘следи’ (спореди и Skok 1973: 284; Марковиќ/Тополињска 2019: 103; Mallory/Adams 2006: 291; Boryś 2008: 614). Покрај дијалектната форма šl$^{j}$at со значење ‘трага’, во македонскиот јазик се среќаваат значителен број различни деривати коишто се изведени од основата **slěd-*: *следува*, *проследува*, *иследува*, *следен*, *последен*, *следбеник*, *наследник, редослед*, *последица* и др.

Семантичката компонента којашто е вградена во глаголската основа **slěd-*, според Марковиќ и Тополињска (2019: 104–105), прототипно е поврзана со човекот и неговите основни позиции, така што примарно се однесува на ‘движењето на човек зад друг човек’, за да потоа основната семантичка компонента се пренесе и во животинскиот и растителниот свет, потоа и во материјалниот (општествено-цивилизациски) свет итн, и од човеково следење да се развие компонентата ‘се движи/се наоѓа зад нешто’.

Според анализираната карта на ОЛА, пошироко на словенската територија, називи од истото потекло доминираат на словенскиот исток, поточно на руската (sl’et, sl’e'da и сл.), белоруската (sl’id, s’l’ed) и украинската територија (sl’id, s’l’i'da и други фонетски варијанти). На словенскиот запад називи со коренот **slěd-* се карактеристични за неколку населени места на полската територија (ślat) и во две населени места на лужичката јазична територија (sl’ẹt). На јужнословенската јазична територија слични називи се среќаваат во десетина пунктови на словенечката територија (slẹ:t и други фонетски варијанти).

## 3. Заклучок

Од географската дистрибуција на словенската јазична територија, според картата на ОЛА, може да се согледа дека ситуацијата на македонската јазична територија наликува на ситуацијата на словенскиот југ, кога станува збор за називите коишто го содржат коренот **trag-* и коренот **stǫp-*, со таа разлика што називите изведени од коренот **stǫp-* со значително помала фреквенција можат да се сретнат и на словенскиот запад и исток. Називот којшто го

www.czasopisma.pan.pl PAN www.journals.pan.pl
POLSKA AKADEMIA NAUK



содржи коренот *slěd-* е спорадична појава на македонската јазична територија, но особено карактеристична е за целиот словенски исток и нешто помалку за словенскиот запад и остатокот од словенскиот југ. Називите коишто го содржат коренот **dir-* се јавуваат единствено на македонската јазична територија и со помала фреквенција на бугарската.

Етимолошката анализа на називите за ‘стапалка, трага’ покажува дека сите називи коишто се среќаваат на македонската јазична дијалектна територија, според материјалите на ОЛА, ги континуираат соодветните прасловенски корени. Од примарните значења на тие корени може да се разоткрие и мотивацијата за доделување на називите за ‘стапалка, трага’ на македонската дијалектна територија. Основните мотиви коишто се издвојуваат се ‘стапнување, газење со стапало, удар со нога и притоа правење отпечаток или физичка промена на која било површина од страна на човекот’, како и ‘движењето на човек зад друг човек’. Она што е обединувачко за мотивите за именување на ‘стапалка, трага’ е нивната поврзаност со прототипниот однос помеѓу човекот и просторот, односно потребата на човекот за совладување на просторот преку движењето и неговата активност или позиционираност во просторот.

## Список кратенки

англосакс. – англосаксонски
блр. – белоруски
буг. – бугарски
грч. – грчки
луж. – лужички
ие. – индоевропски
лат. – латински
пол. – полски
прасл. – прасловенски
прагерм. – прагермански
рус. – руски
слн. – словенечки
слч. – словачки
срп. – српски
срвгерм. – средновисокогермански
срнгерм. – среднонискогермански
стир. – староирски
стнорд. – старонордиски
укр. – украински
франц. – француски
хрв. – хрватски
чеш. – чешки

## Литература

*Вопросник* ОЛА, 1965 = *Вопросник общеславянского лингвистического атласа*, ред. Р.И. Аванесов, Москва: Издательство „Наука”.

Дрвошанов В., 2005, *Анатомската лексика за човекот во македонските говори*, Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

www.czasopisma.pan.pl PAN www.journals.pan.pl
POLSKA AKADEMIA NAUK



Јанкулоски Д., 2021, *Семантичка деривација на прасловенскиот корен *der- во македонскиот јазик*, [во:] *XLVII Меѓународна научна конференција на LIII Летна школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Скопје: УКИМ.

Конески К., 2003, *Зборообразувањето во современиот македонски јазик,* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Марковиќ/Тополињска, 2019 = Марковиќ М., Тополињска З., *Македонски – полски. Семантичка деривација на одбрани прасловенски корени*, Скопје: МАНУ.

Мургоски З., 2011, *Толковен речник на современиот македонски јазик*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

ОЛА 9, 2009 = *Общеславянский лингвистический атлас. Серия лексико-словообразовательная*, вып. 9: *Человек*, red. J. Siatkowski, J. Waniakowa, Kraków: Instytut Języka Polskiego PAN.

ТРМЈ 5, 2011 = *Толковен речник на македонскиот јазик*, т. 5, ред. К. Конески, Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

ТРМЈ 6, 2014 = *Толковен речник на македонскиот јазик*, т. 6, ред. К. Конески, Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

ЭССЯ 5, 1978 = *Этимологический словарь славянских языков*, *Праславянский лексический фонд*, вып. 5, ред. О.Н. Трубачев, Москва: Наука.

Bezlaj F., 1995, *Etimološki slovar slovenskega jezika*, knj. 3, Ljubljana: SAZU.

Boryś W., 2008, *Słownik etymologiczny języka polskiego*, Kraków: Wydawnictwo Literackie.

Brückner A., 1985, *Słownik etymologiczny języka polskiego*, Warszawa: Wiedza Powszechna.

Derksen R., 2008, *Etymological Dictionary of the Slavic Inherited Lexicon*, Leiden, Boston: Brill.

Mallory/Adams 2006 = Mallory J.P., Adams D.Q., *The Oxford Introduction to Proto-Indo-European and the Proto-Indo-European World*, Oxford: University Press.

Pokorny J., 2007, *Proto-Indo-European Etymological Dictionary,* A Revised Edition of Julius Pokorny's Indogermanisches Etymologisches Wörterbuch, Dnghu Association.

Skok P., 1971, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, Knjiga I. Zagreb: JAZU.

Skok P., 1973, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, Knjiga III. Zagreb: JAZU.

SP 3, 1979 = *Słownik prasłowiański*, t. 3, red. F. Sławski, Wrocław: PAN.

## References

Bezlaj F., 1995, *Etimološki slovar slovenskega jezika*, Vol. 3, Ljubljana: SAZU.

Boryś W., 2008, *Słownik etymologiczny języka polskiego*, Kraków: Wydawnictwo Literackie.

Brückner A., 1985, *Słownik etymologiczny języka polskiego*, Warszawa: Wiedza Powszechna.

Derksen R., 2008, *Etymological Dictionary of the Slavic Inherited Lexicon*, Leiden, Boston: Brill.

Drvošanov V., 2005, *Anatomskata leksika za čovekot vo makedonskite govori*, Skopje: IMJ "Krste Misirkov".

ESSJa 5, 1978 = *Etimologicheskiy slovar' slavianskikh yazykov. Praslavyanskiy leksicheskiy fond*, Vol. 5, ed. O.N. Trubachov, Moskva: Nauka.

Jankuloski D., 2021, *Semantička derivacija na praslovenskiot koren *der- vo makedonskiot jazik*, [In:] *XLVII Meǵunarodna naučna konferencija na LIII Letna škola na meǵunarodniot seminar za makedonski jazik, literatura i kultura*, Skopje: UKIM.

Koneski K., 2003, *Zboroobrazuvanjeto vo sovremeniot makedonski jazik*, Skopje: Filološki fakultet "Blaže Koneski".

Mallory/Adams 2006 = Mallory J.P., Adams D.Q., *The Oxford Introduction to Proto-Indo-European and the Proto-Indo-European World*, Oxford: University Press.

Markovikj/Topolinjska, 2019 = Markovikj M. Topolinjska Z., *Makedonski – polski. Semantička derivacija na odbrani praslovenski koreni*, Skopje: MANU.

Murgoski Z., 2011, *Tolkoven rečnik na sovremeniot makedonski jazik*, Skopje: Filološki fakultet "Blaže Koneski".

OLA 9, 2009 = *Obshcheslavyanskiy lingvisticheskiy atlas. Seriya leksiko--slovoobrazovatel'naya*, v. 9: *Chelovek*, eds. J. Siatkowski, J. Waniakowa, Kraków: Instytut Języka Polskiego PAN.

Pokorny J., 2007, *Proto-Indo-European Etymological Dictionary*, A Revised Edition of Julius Pokorny's Indogermanisches Etymologisches Wörterbuch, Dnghu Association.

Skok P., 1971, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, Vol. 1. Zagreb: JAZU.

Skok P., 1973, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, Vol. 3. Zagreb: JAZU.

SP 3, 1979 = *Słownik prasłowiański*, vol. 3, ed. F. Sławski, Wrocław: PAN.

TRMJ 5, 2011 = *Tolkoven rečnik na makedonskiot jazik*, Vol. 5, ed. K. Koneski, Skopje: IMJ "Krste Misirkov".

TRMJ 6, 2014 = *Tolkoven rečnik na makedonskiot jazik*, Vol. 6, ed. K. Koneski, Skopje: IMJ "Krste Misirkov".

*Voprosnik* OLA 1965 = *Voprosnik obshcheslavyanskogo lingvisticheskogo atlasa*, ed. R.I. Avanesov, Moskva: Izdatel'stvo "Nauka".

www.czasopisma.pan.pl PAN www.journals.pan.pl
POLSKA AKADEMIA NAUK



## Summary

**The terms for 'footprint, track' ('stapalka, traga') in macedonian dialects in correlation with the equivalents on the slavic linguistic territory (based on the material from the General Slavic Linguistic Atlas)**

This paper analyses the question from the Lexical volume 9 – "Man" of the General Slavic Linguistic Atlas (OLA). It is about the terms for the 'footprint, track' ('stapalka, traga' in Macedonian) in the Slavic dialects covered by the question L 1575 ('след стопы') according to the Questionnaire of OLA. The aim of the analysis is to show the geographical distribution, etymology and semantic motivation for the terms of 'footprint, track' in Macedonian dialects (which are based on the material from the OLA) in correlation with the equivalents on the Slavic linguistic territory.

***Keywords***: terms for 'footprint, track' ('stapalka, traga'), Macedonian dialects, Slavic dialects, OLA.

www.czasopisma.pan.pl PAN www.journals.pan.pl
POLSKA AKADEMIA NAUK






**Карта 1**: Дијалектни називи за ‘стапалка, трага’ на словенската јазична територија (сп. ОЛА 9, с. 129).

www.czasopisma.pan.pl PAN www.journals.pan.pl






**Карта 2**: Дијалектни називи за ‘стапалка, трага’ на македонскиот јазичен ареал (според ОЛА).